Уп. Бр.08-156/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на смартселер ГмбХ унд Цо.КГ со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија и Флугхафен Нирнберг Сервис Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг со регистрирано седиште на Флугхафенштр. 100, 90411 Нирнберг, Германија, преку Божидар Милошевиќ, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 28.11.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување - Смартселер Флугхафен Нирнберг Фервалтунгс ГмбХ со регистрирано седиште на Флугхафенштр. 100, 90411 Нирнберг, Германија, од страна на смартселер ГмбХ унд Цо.КГ со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија и Флугхафен Нирнберг Сервис Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг со регистрирано седиште на Флугхафенштр 100, 90411 Нирнберг, Германија, над кое истите ќе имаат заедничка контрола, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, 25.10.2023 година, а дополнето на 30.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на смартселер ГмбХ унд Цо.КГ (во понатамошниот текст: „смартселер“) со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија и Флугхафен Нирнберг Сервис Гезелшафт мит бешренктер Хафтунг (во понатамошниот текст: „ФНСГ“) со регистрирано седиште на Флугхафенштр. 100, 90411 Нирнберг, Германија, со која ќе создадат целосно функционално заедничко вложување Смартселер Флугхафен Нирнберг ГмбХ (во понатамошниот текст: „смартселер

ФН“) со регистрирано седиште на Флугхафенштр. 100, 90411 Нирнберг, Германија, над кое истите ќе имаат заедничка контрола.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**смартселер**, под неговиот бренд „целосно ваши“, управува со дјути фри продавници/продавници при патување и обезбедува услуги за храна со концесија на аеродромите во Минстер/Оснабрик, Лајпциг/Хале, Германија и Љубљана, Словенија. смартселер е под заедничка контрола на ГХ и Ориор АГ (100% индиректно преку зависното друштво кежуалфуд ГмбХ).

смартселер нема регистрирано присуство и нема остварено приходи во Република Северна Македонија во 2022 година.

ГХ е фамилијарен бизнис во Хамбург кој управува со дјути фри продавници/продавници при патување на аеродроми, пристаништа и граничните премини ширум светот. ГХ има регистрирано присуство и има остварено приходи во Република Северна Македонија во 2022 година преку големопродажба на стоки за патување на мало преку зависното друштво ТРАВЕЛ ФРИ МА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр.5-2/22, Скопје. ГХ Групацијата е исто така активна во Северна Македонија преку големопродажба на стоки за патување на потрошувачи до операторот на дјути фри продавниците на аеродромите во Скопје и Охрид.

Ориор АГ претставува групација за храна и пијалоци од Швајцарија за производство на свежа храна, рафинирани специјалитети од месо и органски сокови од зеленчук и овошје. Ориор нема регистрирано присуство и нема остварено приходи во Република Северна Македонија.

кежуалфуд ГмбХ е 100% индиректно зависно друштво на Ориор и управува со мобилни и стационарни угостителски објекти (од кои одреден број носат и стоки за погодност и патување) на аеродромите и железничките станици, со фокус на транспортот и патничката гастрономија.

**ФНСГ** е 100% зависно друштво на ФНГ, оператор на аеродромот во Нирнберг, Германија. ФНСГ е зависно друштво одговорно за работењето на продавниците, постоечките дјути фри продавници како и паркингот на аеродромот.

ФНСГ нема регистрирано присуство и нема остварено приходи во Република Северна Македонија во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**